Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 24.09.2020

На 23.09.2020 во периодот од 11.00 до 14.20 часот, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода И.С.(20), А.Ш.(23), Џ.Ш.(18), А.О.(38) и 17-годишник, сите од Тетово, поради основи на сомнение дека на 09.08.2020 извршиле разбојништво во стан на ул. „Маршал Тито" во Тетово над 47-годишната С.Б. и нејзината ќерка. Вчера, исто така, од 16.50 до 19.20 часот, врз основа на судска наредба, беа извршен претрес во куќата на А.Ш и Џ.Ш, при што беа пронајдена марихуана, гасен пиштол, два боеви и три куршуми за гасен пиштол и два метални пендреци. Сите пет лица се задржани во Полициската станица Тетово и во текот на денот, со соодветен поднесок, ќе бидат изведени пред судија на претходна постапка во Основниот суд Тетово.

На 23.09.2020 во 21.40 часот на ул.„Втора македонска бригада", полициски службеници од СВР Скопје ги приведе А.П.(37) од Скопје, по издадена судска наредба за издржување на казна затвор. Лицето било предадено на полициски службеници во Полициска станица Чаир за понатамошна постапка.

На 23.09.2020 околу 23.00 часот во тетовско Боговиње, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Ј.Ј.(24) и Ф.И.(23), двајцата од тетовска Стримница. При нивен и преглед на возилото „мерцедес", со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувале, била пронајдена марихуана. Тие биле задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 23.09.2020 во 12.45 часот на Граничен премин „Табановце", полициски службеници го привеле Д.С.(35) од Р.Албанија, затоа што при пасошка контрола било констатирано дека една страница од албанската патна исправа недостасува, а на нејзино место била вметната страница од друга патна исправа. Д.С. бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 23.09.2020 околу 22.20 часот на ул.„Мајор Чеде Филиповски" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода С.Д.(23) од Скопје и Д.Д.(39) од Маврово. При нивен и преглед на возило „мерцедес", со гостиварски регистарски ознаки, во кое биле затекнати, бил пронајден кокаин. По целосно документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 23.09.2020 во 15.00 часот во СВР Скопје, Р.М.(55) од Скопје пријавил дека на патека во нас.„Железара" бил каснат од куче скитник.

На 23.09.2020 околу 09.30 часот во СВР Штип било пријавено дека во Клиничка болница Штип со тешки телесни повреди бил донесен Ј.М.(56) од с.Злетово, кој по укажаната помош починал. Според пријавеното, тој се здобил со повредите откако паднал од покрив при чистење оџак. Увид на местото извршила увидна екипа од Полициска станица Пробиштип, а по наредба на Јавен обвинител телото е предадено за обдукција.

На 23.09.2020 во 17.30 часот во Полициската станица Драчево, В.С.(47) од Скопје пријавила дека на ул.„Коперникова" била каснат од куче скитник.
На 23.09.2020 во 22.25 часот на магистралниот пат Велес-Штип, кај населбата „Три чешми", полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Б.П.(22), затоа што при негов и преглед на возилото кое го управувал била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.09.2020 во 23.35 часот во с.Ратавица, пробиштипско, од страна на полициски службеници од Полициската станица Пробиштип и полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога од СВР Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекусори", лишени се од слобода С.И.(26) од Пробиштип и А.Ј.(25) од с.Пеширово, светиниколско. При извршениот преглед кај лицата била пронајдена марихуана. Се работи на документирање на случајот, по што ќе биде поднесена кривична пријава.

На 23.09.2020 полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода З.Г.(42) од Кичево. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и семки од растението канабис сатива. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид до надлежното Основно јавно обвинителство поднесе кривична пријава против А.Ѓ.(20) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". При преглед извршен на 22.09.2020, полициските службеници кај пријавениот пронашле и одзеле марихуана. Дополнително, при претрес во неговиот дом во Охрид, била пронајдена марихуана.

На 23.09.2020 околу 11.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Прифатен центар за баратели на право на азил во с.Визбегово, скопско, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу З.Ч.(44) од Скопје, вработен во Прифатниот центар и С.П.(49) од с.Визбегово. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 23.09.2020 во 22.45 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Љ.С.(35) од Скопје пријавил дека во 21.55 часот на ул.„Кузман Шапкарев" неговиот малолетен син бил физички нападнат од И.Н. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.09.2020 околу 18.30 часот во с.Батинци, скопско, полициски службеници сопреле патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, натоварено со дрва. Возачот одбил да се легитимира, а при обид да го приведат, се собрале повеќе лица, а едно од нив нападнало полициски службеник. Возилото со дрвата било однесено во ПС Драчево и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.09.2020 во 14.13 часот во Полициската станица Центар, 23-годишна девојка од Скопје пријавила дека во близина на фонтаната во Градски парк, машко лице се обидело да изврши обљуба. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 23.09.2020 во 18.45 часот во Полициската станица Крушево било пријавено дека во Здравствен дом Крушево било донесено бебе, за кое лекар констатирал дека било починато, без видливи траги на насилство. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Крушево, а по наредба на Јавен обвинител телото е предадено за обдукција.

На 23.09.2020 во 16.30 часот во Полициската станица Штип, М.С.(60) од Штип пријавила дека на ул.„Јоаким Стојков" во Штип била касната од куче, сопственост на К.П. од Штип. По комплетирање на случајот против К.П. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.09.2020 во 17.30 часот во Полициската станица Куманово, од СВР Скопје било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза" на 22.09.2020 со тешки телесни повреди бил донесен Р.Р. од с.Лопате, кумановско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.Ш. (49) од тетовско село поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „лажно пријавување на кривично дело". На 20.07.2019 во Полициската станица Тетово, пријавената лажно пријавила кривично дело „изнуда", односно дека на 19.07.2019 на нејзиниот мобилен телефон била повикана од женско лице кое ѝ се заканило дека ако не ѝ исплати сума од 50.000 евра во рок од 48 часа, ќе му нанесе штета на нејзиниот сопруг, објавувајќи нешто за него. Од преземените мерки и активности било констатирано дека Н.Ш. лажно го пријавила делото.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.А.(77) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 12.04.2020 на ул.„176" во Тетово, полициски службеници при преземање мерки за почитување на полициски час го лишиле од слобода Р.А., а при преглед кај него бил пронајден и одземен пиштол калибар 7,65 мм и седум куршуми калибар 7.65 мм, кои ги поседувал и држел без дозвола.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Г.Р.(43) од с.Мала Речица, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 05.09.2020, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот и во патничко возило „пасат" во негова сопственост, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 23.09.2020 во 22.25 часот во СВР Скопје било пријавено дека во маркет на ул.„Париска комуна" едно лице со закана од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Ј.Т.(23) и Н.Д.(34), двајцата од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни суостанции и прекурсори". На 19.09.2020 на магистрален пат Кичево-Охрид, полициски службеници сопреле патничко возило „мерцедес", во кое биле пријавените, и при нивен преглед биле пронајдени и одземени марихуана и амфетамин.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.У.(65) од с.Желино, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на животната средина и природата со отпад". На 01.08.2020, додека вработен во Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство вршел контрола на реката Вардар во с.Желино, го забележал И.У. како фрла отпад во реката.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.И.(65) од с.Злести, општина Дебрца, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 30.08.2020 околу 10.30 часот, пријавената не била пронајдена во својот дом во с.Злести и покрај тоа што имала решение за задолжителна изолација, со што постапила спротивно на одлуките на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет